# ПРОФЕСИОНАЛНА ПЕНЗИСКА ШЕМА СПОРЕД ЕВРОПСКОТО ПРАВО

ЕЛЕКТРОНСКИ ИНФОРМАТОР

# Е-МАПАС БР. 45

МАРТ 2023 ГОДИНА

МАПАС
АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

# ПРОФЕСИОНАЛНА ПЕНЗИСКА ШЕМА СПОРЕД ЕВРОПСКОТО ПРАВО

„Професионална пензиска шема" е шема договорена меѓу работодавач и неговите вработени лица или здружение на граѓани и неговите членови, вклучена во доброволен пензиски фонд.

Прописите поврзани со Професионалната пензиска шема, во Македонскиот пензиски систем, се усогласени со Директивата 2016/2341 на Европскиот парламент и на Советот за активностите и супервизијата на субјекти за професионални пензии (Directive 2016/2341 of the European Parliament and of the Council on the activities and supervision of institutions for occupational retirement provision).

PENSIONS EUROPE

Со Директивата се бара регулирање на сите прашања поврзани со функционирање на професионална пензиска шема и тоа: институционални субјекти поврзани со шемата што во нашиот систем се пензиско друштво, пензиски фонд и чувар на имот, супервизија на субјектите - МАПАС, начин на членство, заштита на правата и информирање на членовите, правила за инвестирање на средствата уплатени за шемата, прекугранични активности меѓу земјите членки и други прашања. Сите овие прашања се уредени со Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување.

По влезот на Република Северна Македонија во Европската унија осигурител со седиште на територијата на друга земја членка на Европската унија ќе може да организира професионална пензиска шема која ќе се вклучи во доброволен пензиски фонд со кој управува друштво со седиште во Република Северна Македонија. Исто така, пензиско друштво ќе може да ја вклучи во доброволниот пензискиот фонд професионалната пензиска шема на осигурител од друга земја членка на Европската унија по добивање информација од Агенцијата примена од надлежните органи на земјата членка во која се наоѓа седиштето на потенцијалниот осигурител дека се исполнети условите од законите релевантни за професионалната пензиска шема во земјата членка.

Клучот за пензија е да уживате во малите нешта.

- Сузан Милер.

За да уживате во долго и удобно пензионирање, заштедете повеќе денес.

- Анонимен

Според важечките прописи во нашата земја работодавач или здружение на граѓани може да организира и финансира професионална пензиска шема само за своите вработени или членови. Исто така, повеќе работодавачи или повеќе здруженија на граѓани можат заедно да организираат и финансираат професионални пензиски шеми. Работодавач или здружение на граѓани со седиште во Република Северна Македонија кое организира и финансира професионална пензиска шема и уплаќа доброволни придонеси во доброволен пензиски фонд за своите вработени или членови е осигурител. Осигурителот потпишува договор со друштвото кое го избрал да управува со доброволниот пензиски фонд во кој ќе биде вклучена професионалната пензиска шема.

По влезот во Европската унија осигурител со седиште во Република Северна Македонија ќе може да го довери управувањето со неговата професионални пензиска шема на друштво овластено да управува со професионални пензиски шеми во друга земја членка на Европската унија, согласно прописите во Република Северна Македонија усогласени со Европското право.



Еден осигурител може да организира само една професионална пензиска шема. Секој осигурител има правила за професионалната пензиска шема и може да определи кои вработени или членови можат да учествуваат во професионалната пензиска шема определувајќи ја стапката на придонес која ќе ја уплаќа за секој од нив. Секое лице, во рок од 15 дена од стапување во работен однос кај работодавач кој организирал професионална пензиска шема, има право на копија од правилата на професионалната пензиска шема, статутот на пензискиот фонд во кој е вклучена шемата, без оглед на тоа дали во моментот на вработувањето има право да членува во професионалната пензиска шема.




Вработените/членови кај еден осигурител кои се вклучени во пензиска шема стануваат членови на доброволен пензиски фонд во кој е вклучена шемата. Член во доброволен пензиски фонд врз основа на професионална пензиска шема ги има истите права како и член врз основа на договор за членство склучен со друштво, освен правото да уплаќа придонес.

## ПРОФЕСИОНАЛНА ПЕНЗИСКА ШЕМА СПОРЕД ЕВРОПСКОТО ПРАВО

Учеството во професионална пензиска шема престанува со:
- престанок на работниот однос или членство во здружение на граѓани и пренос на средствата од постојната професионална сметка на друга професионална сметка или доброволна индивидуална сметка, согласно закон;
- укинување на професионална пензиска шема и пренос на средствата од постојната професионална сметка на друга професионална сметка или доброволна индивидуална сметка согласно закон.

# НОВОСТИ

### ГЛОБАЛНА НЕДЕЛА НА ПАРИТЕ 20-26.03.2023 ГОДИНА

Финансиските регулатори во соработка со асоцијациите и институциите од приватниот и граѓанскиот сектор коишто се активни во доменот на финансиската едукација, единаесетта година по ред ја одбележаа Глобалната недела на парите што оваа година се одржи од 20 до 26 март 2023 година.

Активностите за време на Глобалната недела на парите годинава главно се одвиваа преку е-предавања, предавања со физичко присуство  и објави на едукативни материјали на интернет-страниците на институциите и социјалните мрежи. Предавањата беа наменети за учениците од основните и од средните училишта од нашата земја, како и факултетите, на теми од областите што ги покриваат одделните институции, поврзани со функционирањето на финансискиот систем.




Агенцијата за супервизија на капитално финансираното пензиско осигурување – МАПАС, продолжи со своите едукативни активности за младите и во текот на Глобалната недела на парите 2023. Во соработка со Министерството за образование и невладината организација Интерактивна мрежа за образование и ресурс - ИМОР се воспостави координација со дел од државните и приватните  факултети, на кои заедно со пензиските друштва КБ Прво пензиско друштво АД Скопје, Сава пензиско друштво а.д. Скопје и ТРИГЛАВ ПЕНЗИСКО ДРУШТВО АД Скопје, ВФП ПЕНЗИСКО ДРУШТВО АД СКОПЈЕ се одржаа едукативни предавања на студентите за подигање на

свеста на младите за потребата од поголема финансиска писменост со цел одговорно трошење на личните финансии, правилно управување со сопственоит буџет и долгорочното штедење и инвестирање гледано низ призмата на придобивките и можностите кои ги нуди пензискиот систем во делот на задолжителното и доброволното капитално финансирано пензиско осигурување.



Почетокот на Глобалната недела на парите 2023 беше започната со едукација и отворена јавна дебата со студентите на Економскиот факултет, Скопје при Универзитетот Св. Кирил и Методиј. На светско ниво, Глобалната недела на парите се одбележува од 2012 година, со единствен прекин во 2020 година поради пандемијата, во организација на Организацијата за економската соработка и развој (ОЕЦД). Оваа глобална иницијатива, којашто досега се одбележува во повеќе од 176 земји во светот, во која се опфатени 53 милиони деца и млади, ја подигнува свеста кај младите за финансиската едукација и ги зголемува нивните знаења за парите, штедењето, вработувањето и претприемаштвото. Секоја година, младите луѓе разговараат, читаат и учат за економските и за финансиските системи преку најразлични активности што ги спроведуваат финансиските и образовните институции.

Повеќе информации за Глобалната недела на парите на врската: www.globalmoneyweek.org



## ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА 21 МАРТ, ДЕНОТ НА ПРОЛЕТТА И ЕКОЛОГИЈАТА

Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување – МАПАС и оваа година активно продолжи со спроведување на Планот за активности во делот за унапредување на општествената одговорност и по тој повод се вклучи во одбележување на Денот на пролетта и екологијата. За таа цел, сите вработени на МАПАС спроведоа акција за засадување на дрвца на локалитет Миладиновци.



## УСВОЕН ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ НА КОМИТЕТОТ ЗА ФИНАНСИСКАТА СТАБИЛНОСТ: И ПОКРАЈ ПРЕДИЗВИЦИТЕ, СТАБИЛНОСТА Е ЗАДРЖАНА

Комитетот за финансиската стабилност, на седницата одржана на 6 март 2023 година, го усвои Годишниот извештај за работењето на Комитетот за 2022 година. Во Годишниот извештај се наведува дека финансискиот систем во земјава е стабилен, и покрај натамошните геополитички тензии од воената инвазија на Русија врз Украина, како и глобалните предизвици поврзани со енергетската криза и високите стапки инфлација. Сепак, во услови на зголемена неизвесност, уште повеќе е нагласена потребата за темелна процена на ризиците, соодветно управување со ризиците и натамошно градење капитал заради обезбедување поголем капацитет на финансиските институции за апсорпција на ризиците.

Со стапувањето во сила на Законот за финансиска стабилност се воспостави законската рамка за спроведување на макропрудентната политика во Република Северна Македонија. Комитетот за финансиската стабилност, пак, се утврдува како меѓуинституционално тело одговорно за следење на

спроведувањето на макропрудентната политика во земјава и за координација на активностите при утврдувањето и следењето на системските ризици во одделните сегменти од финансискиот систем, при преземањето макропрудентни мерки и при подготовката и управувањето со финансиска криза. Со Законот за финансиска стабилност им се доделуваат експлицитни надлежности на регулаторите на финансискиот систем за преземање макропрудентни мерки насочени кон намалување на ранливоста и зголемување на отпорноста на одделните сегменти на финансискиот систем за кој се надлежни тие. На тој начин, надлежните регулатори, поединечно и заедно преку работата на Комитетот за финансиската стабилност, придонесуваат за постигнување и одржување на финансиската стабилност.

Комитетот е составен од сите регулатори на финансискиот систем во земјата, односно Народната банка, Министерството за финансии, Комисијата за хартии од вредност, Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување и Агенцијата за супервизија на осигурување. Со Комитетот претседава гувернерот на Народната банка, а во услови на финансиска криза може да претседава и министерот за финансии, доколку така одлучат гувернерот и министерот. Ваквата структура овозможува доследно спроведување на препораките на Европскиот одбор за обезбедување ефикасен механизам на соработка помеѓу сите институции со надлежности во доменот на финансискиот систем.




ИМАТЕ ПРАШАЊА ИЛИ ПОПЛАКИ?
Јавете се во МАПАС или напишете порака на contact@mapas.mk

Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)
Славко Јаневски 100, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Тел: (02) 3224 229
www.mapas.mk

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

TÜV NORD
TÜV NORD CERT GmbH
ISO/IEC 27001